ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-1786/9*
*5.05.2025*
*Ш т и п*

До
Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани
ПРЕДМЕТ: Покана за учество најавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2025 година со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А З А У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07,СО НАМЕНА А, Б, В, Г И ДЗ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20 и 111/23) се организира **јавна презентација и јавна анкета по** ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07,СО НАМЕНА А, Б, В, Г И ДЗ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- на север по граница на КО Штип 2, односно КП 1440, КП 1434, КП 1666, КП 1669, КП 1671, КП 1670, КП 1674, КП 1675, КП 1665/3, КП 1673/2, КП1672, КП 1562, КП 1648
- на запад по осовина на ул. Партизанска, односно КП 17010
- на исток по осовина на новопланирана улица, односно минува низ КП 2003, КП 2001, КП 1439, КП1440

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

- на југ по осовина на ул.„Лески", односно КП 1997

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07,СО НАМЕНА А, Б, В, Г И ДЗ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 190 781,67m². Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07,СО НАМЕНА А, Б, В, Г И ДЗ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 27 мај 2025 (вторник) до 25 јуни 2025 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12 јуни (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*ОПШТИНА ШТИП*
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*